ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 02-422/1
23.03 2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 120 од Статутот, Универзитетскиот сенат на Европскиот универзитет Скопје на **103-та седница**, одржана на ден **23.03.2022 година**, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА Унивезитетски календар на наставни активности и неработни денови во академската 2022/2023 година, за I /прв/ и II /втор/ циклус студии на Европски универзитет Скопје.**

**Образложение**

Согласно член 120 од Статутот на Европски универзитет Скопје, Универзитетскиот календар за наредната академска година се донесува од страна на Сенатот, најмалку 5 месеци пред почетокот на наредната академска година и го објавува преку своите гласила (огласна табла, интернет-страница и сл.).

Универзитетскиот календар ги содржи рамковните одредби за почетокот и крајот на студиската година, термините за одржување на наставата, испитите и државните и универзитетските празници.

Врз основа на универзитетскиот календар, наставно-научниот, односно научниот совет на единиците донесува календар за наредната академска година и го објавува преку своите гласила, најмалку 3 месеци пред завршување на тековната студиска година.

**Скопје, 23.03.2022 година**

**Универзитетски сенат**
**Претседател**

**проф. д-р Ѓорги Сламков**

**УНИВЕРЗИТЕТСКИ КАЛЕНДАР**

на наставни активности

во академската **2022/2023** година **(01.10.2022 - 30.09.2023)**

**за ПРВ и ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ**

**на ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ**

**Согласно Законот за високо образование,**

**АКАДЕМСКАТА ГОДИНА ЗАПОЧНУВА НА 01-ви Октомври**

**НАСТАВАТА ВО ЗИМСКИОТ СЕМЕСТАР НА ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ ЗАПОЧНУВА НА 03.10.2022 (ПОНЕДЕЛНИК)**

| Времетраење на ПРВ (ЗИМСКИ) СЕМЕСТАР | **03 Октомври 2022 - 13 Јануари 2023** |
|---|---|
| **Настава, вежби, консултации (6 недели)** | 03. 10. - 11. 11. 2022 |
| • Прв колоквиум **(1 недела)** | 14 - 18. 11. 2022 |
| **Настава, вежби, консултации (6 недели)** | 21. 11. - 29. 12. 2022 |
| **Одбрана на стручни трудови (1 недела)** | 03 - 05. 01. 2023 |
| • Втор колоквиум **(1 недела)** | 09 - 13. 01. 2023 |

**ЗИМСКИ РАСПУСТ ЗА СТУДЕНТИТЕ: 14 ЈАНУАРИ - 15 ФЕВРУАРИ 2023**

**НАСТАВАТА ВО ЛЕТНИОТ СЕМЕСТАР НА ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ ЗАПОЧНУВА НА 20.02.2023 (ПОНЕДЕЛНИК)**

| Времетраење на ВТОР (ЛЕТЕН) СЕМЕСТАР | **16 Февруари - 30 Септември 2023** |
|---|---|
| **Настава, вежби, консултации (6 недели)** | 20. 02 - 29. 03. 2023 |
| • Прв колоквиум **(1 недела)** | 03. 04. - 07. 04. 2023 |
| **Настава, вежби, консултации (6 недели)** | 10. 04. - 19. 05. 2023 |
| **Одбрана на стручни трудови (1 недела)** | 22 - 26. 05. 2023 |
| • Втор колоквиум **(1 недела)** | 29.05. - 02. 06. 2023 |

**ЛЕТЕН РАСПУСТ ЗА СТУДЕНТИТЕ: 15 ЈУЛИ - 31 АВГУСТ 2023**

**ИСПИТНИ СЕСИИ - датуми на одржување на испитните сесии на Прв и Втор циклус студии:**

| Испитни сесии - 8 | Датум на пријавување | Датум на одржување |
|---|---|---|
| • Октомври | 03 - 07. 10. 2022 | 17 - 28. 10. 2022 |
| • Ноември | 01. - 07. 11. 2022 | 21 - 30. 11. 2022 |
| • Декември | 01 - 07. 12. 2022 | 12 - 23. 12. 2022 |
| • Февруари | 01 - 07. 02. 2023 | 16 - 28. 02. 2023 |
| • Март | 01 - 07. 03. 2023 | 20 - 31. 03. 2023 |
| • Април | 03 - 07. 04. 2023 | 17 - 28. 04. 2023 |
| • Јуни | 01 - 07. 06. 2023 | 19 - 30. 06. 2023 |
| • Септември | 21 - 25 08. 2023 | 04 - 15. 09. 2023 |

**ПРОГРАМА ЗА НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ ЗА АКАДЕМСКАТА 2022/23 г.**

согласно Законот за празниците на Р. Македонија (Сл.весник на РМ, бр. 21/98 и 18/07)

**НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ во 2022 година**, започнувајќи од 1-ви Октомври

- **За сите граѓани на РМ:**
  - 11 октомври (вторник) - Ден на народното востание;
  - 23 октомври (недела) - Ден на Македонската револуционерна борба, односно 24 октомври (понеделник) е неработен ден;
  - 8 декември (четврток) - „Св. Климент Охридски".

- **Само за граѓаните од католичка вероисповед:**
  - 01 ноември (вторник) - Празник на сите светци;
  - 25 декември (недела) - прв ден на Божиќ, според Католички календар.

- **Само за граѓаните припадници на албанската заедница во РМ:**
  - 22 ноември (вторник) - Ден на албанската азбука.

- **За граѓаните припадници на турската заедница во РМ:**
  - 21 декември (среда) - Ден на настава на турски јазик.

**НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ во 2023 година,** заклучно со 30-ти Септември

- **За сите граѓани на РМ:**
  - 01 јануари (недела) - Нова Година, односно 2 јануари (понеделник) е неработен ден;
  - 07 јануари (сабота) - прв ден на Божиќ, според Православниот календар;
  - 01 мај (понеделник) - Ден на трудот;
  - 17 април (понеделник) - втор ден на Велигден, според Православен календар;
  - 21 април (петок) - прв ден на Рамазан Бајрам;
  - 24 мај (среда) „Св. Кирил и Методиј" - Ден на сесловенските просветители;
  - 02 август (среда) - Ден на Републиката;
  - 8 септември (петок) - Ден на независноста;

- **Само за граѓаните од православна вероисповед:**
  - 06 јануари (петок) - Бадник, ден пред Божиќ;
  - 19 јануари (четврток) - Богојавление (Водици);
  - 14 април (петок) - Велики Петок, петок пред Велигден;
  - 02 Јуни (петок) - петок пред Духовден;
  - 28 август (понеделник) - Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица).

- **Само за граѓаните од католичка вероисповед:**
  - 10 април (понеделник) - втор ден на Велигден, според Католички календар.

- **Само за граѓаните од муслиманска вероисповед:**
  - 28 јуни (среда) - прв ден на Курбан Бајрам.

- **Само за граѓаните - припадници на српската заедница во РМ:**
  - 27 јануари (петок) - Свети Сава.

- **Само за граѓаните - припадници на ромската заедница во РМ:**
  - 08 април (сабота) - Меѓународен ден на Ромите.

- **За граѓаните - припадници на влашката заедница во РМ:**
  - 23 мај (вторник) - Национален ден на Власите.

- **За граѓаните - припадници на еврејската заедница во РМ:**
  - 24 септември (недела) - прв ден на Јом Кипур.

- **За граѓаните - припадници на бошњачката заедница во РМ:**
  - 28 септември (четврток) - Меѓународен ден на Бошњаците.

14.03.2022 Скопје

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ 1 СКОПЈЕ